УДК 061.25:371.124(497.17-35)(091)

Светозар НАУМОСКИ

# УЧИТЕЛСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ И НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО ГАЛИЧКА ОКОЛИЈА

## 1. Формирање и дејност на „Околиското здружение на учителите од околијата Галичка"

Со цел поефикасно да се спроведува денационализаторската просветна политика на големосрпската буржоазија во Македонија, во периодот меѓу двете светски војни на територијата на Вардарска Македонија биле формирани просветни области и училишни околии.[1] Така, во Вардарска Македонија постоеле две просветни области, и тоа: Вардарска и Битолска просветна област.[2] Понатаму областите се делеле на училишни околии. Административно-територијалната поделба на училишни околии не била константна, туку таа постојано, од година во година трпела промени. Често пати, територијата на административно-управните околии не се поклопувала со териториите на училишните околии. Што се однесува до конституирање на училишна околија во Галичкиот регион, дошло дури во учебната 1924/25 година,[3] а со тоа биле создадени покрај другото и формално-правните можности за учителството од Галичкиот регион, истото сталешки да се конституира односно да формира Околиско учителско здружение.

Иако во изворите со кои располагаме (архивска документација за учителското здружение во Галичка околија),[4] не го пронајдовме документот кога било одржано неговото основачко собрание, ниту наидовме на податок колку учители-членови броело ова околиско учителско здружение во прво време, сепак преку анализирање на податоците кои се однесуваат за формирањето на останатите околиски учителски здруженија во Вардарска Македо-

[1] Д-р Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983, стр. 97.

[2] Исто, стр. 97-98.

[3] Исто, стр. 306.

[4] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ" (Југословенско учителско удружење).

нија,[5] можеме со голема сигурност да претпоставиме дека Околиското учителско здружение за Галичка околија е формирано кон крајот на 1924 или почеток на 1925 година.

Веднаш по своето формирање, околиските здруженија на учителите биле должни да донесат и свои правилници (правила), со кои била регулирана нивната општествена односно просветна дејност и сталешки задачи, поради што и биле формирани овие сталешки здруженија. Таков документ, односно „Правила на Околиското здружение на учителите од Галичка околија" донело и сталешки организираното галичко учителство, од кој може да се види: целта, задачите и улогата на околиските учителски здруженија во Кралството стара Југославија (се разбира со осврт на учителското здружение на Галичка околија), во одбрана на учителските сталешки интереси.

Од правилата на „Околиското здружение на учителите од околијата Галичка"[6] се гледа, дека главна цел на овие учителски здруженија била:

– стручно усовршување на своите членови;
– унапредување и одбрана на сталешките права и интереси;
– негување на другарски односи меѓу учителството;
– чување на учителскиот углед.

Меѓутоа, поради прогресивната дејност на напредните учители во практиката програмата на делувањето на околиските учителски здруженија била поширока, а најдобро во своите сеќавања ја илустрира учителот Боро Пекевски, со зборовите:

„Здружението имаше за задача да ја организира работата за помош на членството, не само во стручно-педагошка работа и во решавањето на неговите секојдневно сталешки потреби, туку да му помага на членството во правилното толкување на сите општествени движења, како и непосредно учество во културното и просветното издигнување и политичкото воспитување на широките народни маси, со кои учителот живееше во селото. Од ова произлегува, дека требаше да се гради нов лик на народниот учител, чија улога не престанува во училиштето, туку добива потврдно значење во воншколската работа на учителот на село".[7]

Во овој правец ќе развие активности и „Околиското здружение на учителите од околијата Галичка", и со тоа ќе даде вреден придонес во борбата на учителството од Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете

---

[5] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1920-1923, ПО-1 фасцикла (Писма на Скопското, Прилепското, Крушевското, Тетовското, Кумановското, Битолското и други околиски учителски здруженија, испратени до Извршниот (Главен) одбор на Југословенското учителско здружение (понатаму ЈУЗ) во Белград, со кои известуваат дека во нивните места се формирани околиски учителски здруженија).

[6] Вака гласи името на Галичкото околиско учителско здружение во оригиналот на правилникот на ова здружение, што го пронајдовме во Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1924-1926, ПО-1 фасцикла.

[7] Боро Пекевски, Из мог учитељског живота, Зборник „Учесници и сведоци", Београд, 1974, књига друга, стр. 534.

светски војни за подобрување на неговата економско-социјална и правно-политичката положба.

Поради оскудност со документација, бројот на членовите на Галичкото околиско учителско здружение можеме да го следиме дури од 1931 година наваму. Така на пример, од еден документ на Секцијата на Југословенското учителско здружение за Вардарска бановина од 4 август 1931 година[8] се гледа, дека во Галичка околија биле на учителска служба вкупно 29 учители, од кои 26 учители биле членови на Здружението. Во 1932 година, ова учителско здружение броело 27 учители,[9] во 1933 година 30 членови,[10] во 1934 година 28 членови,[11] во 1935 година 35 членови,[12] во 1936 година 35 членови[13] итн.

Во документацијата на фондот „Југословенско учителско удружење", што се чува во Архивот на Југославија во Белград, меѓу скромниот фонд на документи за дејноста на Галичкото околиско учителско здружение, наидовме на еден извештај за спроведените избори во ова учителско здружение во 1934 година. Од овој извештај се гледа дека во 1934 година на годишното собрание одржано на 16 II 1934 година,[14] биле избрани и органи на управата на Здружението (Управен одбор, Надзорен одбор), како и делегат за годишното собрание на Југословенското учителско здружение, и тоа:

Управниот одбор го сочинувале:

– Претседател: Илија Смиљаниќ, учител во Жировница;
– Потпретседател: Живорад Томиќ, учител во Скудриње;
– Секретар: Ружа Прибичевиќ, учителка во Жировница;
– Благајник: Крсто Марковиќ, учител во Галичник;
– Член: Брана Станимировиќ;[15]
– Член: Спиро Ѓурѓевиќ;
– Член: Бранко Јовиќ.

Надзорниот одбор го сочинувале:

– Претседател: Димитрије Видиќ;
– Член: Јован Меловиќ;
– Член: Цвета Житков.

---

[8] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1930-1931, ПО-1 фасцикла, (Список на околиските учителски здруженија во Вардарска бановина за 1931 година).

[9] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1932, ПО-1 фасцикла, (Извештај за работата на Управниот одбор на ЈУЗ – Секција за Вардарската бановина за 1931/32 година).

[10] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-1 фасцикла, (Список на околиски учителски здруженија во Вардарска бановина за 1934/35 година).

[11] Исто.

[12] Архив на Македонија – Скопје, фонд „Министерство за просвета на Кралството Југославија" (ксерос копии), кутија 5, (Извештај за работата на ЈУЗ – секција за Вардарска бановина за 1935/36 година, стр. 26).

[13] Исто.

[14] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1934, ПО-2 фасцикла, (извештај за одржаното изборно собрание на „Околиското здружение на учителите од околијата Галичка, одржано на 16 II 1934 година).

[15] За останатите учители-членови на Управниот и Надзорниот одбор, во документот нема податоци каде тие биле со учителска служба.

Борбата за одбрана и проширување на сталешките права и подобрување на економско-социјалната положба на учителството, зазема најголем дел од активностите на околиските учителски здруженија. Во оваа борба, активно било вклучено и Галичкото околиско учителско здружение, што се гледа и од едно писмо,[16] испратено до Управниот (Главниот) одбор на Југословенското учителско здружение во Белград, со кое писмо Галичкото околиско учителско здружение му дава поддршка на овој највисок учителски форум во неговата заедничка акција со останатите чиновнички сталешки организации,[17] во прилог на повлекување на „Уредбата за намалување на чиновничките принадлежности", донесена од Владата на 19 септември 1935 година,[18] а со која под удар биле и така малите учителски плати. Ваквата акција на Галичкото околиско учителско здружение не останала осамена, туку истата била поддржана и од Горнополошкото (Гостиварското) околиско учителско здружение,[19] Кумановското околиско учителско здружение,[20] Охридско-Струшкото околиско учителско здружение,[21] Битолското околиско учителско здружение[22] и други.

Активноста на учителството од Галичка околија меѓу двете светски војни, не се одвивала само во рамките на своето учителско здружение, туку и пошироко преку соработката со други околиски учителски здруженија, во

---

[16] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла. (Писмо на „Околиското здружение на учителите од околијата Галичка", бр. 10 од 6 X 1935 година, испратено до Главниот одбор на ЈУЗ во Белград).

[17] Веднаш по донесувањето на „Уредбата за намалување на чиновничките принадлежности" од страна на Кралската влада, на 19 септември 1935 година, Извршниот одбор на ЈУЗ стапил во преговори со управите на: Југословенското професорско друштво, Здружението на националните железничари, Здружението на чиновниците од ПТТ-струка, Здружението на званичниците и службениците, Здружението на државните чиновници и пензионери и други чиновнички сталешки организации, за покренување на заедничка акција против Владата, а со цел истата да се натера да ја повлече својата „Уредба за намалување на чиновничките принадлежности" од 19 септември 1935 година. Како резултат на овие преговори, било формирано заедничко тело таканаречен „Акциони одбор", кој преговарал како со Претседателот на Владата така и со Кнезот-Намесник Павле Караѓорѓевиќ. (Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, фасцикла ПО-2, циркуларно писмо на ЈУЗ – Секција за Вардарска бановина, до околиските учителски здруженија во Вардарска бановина, бр. 117 од 30 септември 1935 година).

[18] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла, (циркуларно писмо на ЈУЗ – Секција за Вардарска бановина, до околиските здруженија во Вардарска бановина бр. 117...).

[19] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла, (Писмо на Околиското учителско здружение на Жеглиговска (Кумановска) околија, бр. 141 од 18 X 1935 година, испратено до Извршниот одбор на ЈУЗ во Белград).

[20] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла. (Писмо на Околиското учителско здружение за Горнополошка (Гостиварска) околија, бр. 3 од 12 X 1935 година, испратено до Извршниот одбор на ЈУЗ во Белград.

[21] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла. (Телеграма на Охридско-Струшкото околиско учителско здружение, бр. 77 од 3 X 1935 година, испратена до Кнезот-Намесник Павле Караѓорѓевиќ).

[22] Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ", 1935, ПО-2 фасцикла. (Писмо на Битолското околиско учителско здружение, бр. 122 од 6 X 1935 година, испратено до Кнезот- Намесник Павле Караѓорѓевиќ).

прв ред со соседното Горнополошко (Гостиварско) околиско учителско здружение, како и со подалечните околиски учителски здруженија, како на пример со Тетовското, Кичевското, Бродското (денес Македонски Брод), Битолското, Скопското и со други околиски учителски здруженија во Вардарскиот дел на Македонија. Оваа соработка посебно дошла до израз при одржувањето на Гостиварската меѓуоколиска учителска конференција, одржана кон крајот на мај 1939 година во Гостивар,[22a] на која присуствувале учители-делегати од Гостиварското, Галичкото, Тетовското, Кичевското и Бродското околиско учителско здружение. Учителите од Галичка околија, посебно напредните учители дале виден придонес во работата на овој меѓуоколиски учителски собир.

### 2. Животните и работните услови на учителството во Галичка околија

Какви биле животните и работните услови на учителите во Галичка околија во периодот меѓу двете светски војни, најдобро ги илустрираат следните зборови од сеќавањата на напредниот учител Алексије Јевтовиќ, кој бил на служба во село Сенце од 1937 до 1940 година, каде меѓу другото се вели:

„Животот и работата на учителите во околијата Галичка беше прилично тежок. Тоа што беа повеќе гладни отколку сити и што немаа никаква културна разонода (во некои села штампа не пристигнуваше ни по 5-6 дена) не беше она најлошото. Учителите, како и самиот народ во тој крај беа општествено и политички потполно обесправени. Народот зборуваше: од онаа страна на Влајница не постои закон".[23]

На учителскиот кадар во галичкиот крај често пати му било отежнувано снабдувањето со животни намирници, бидејќи во повеќе села немало продавници, каде учителите би се снабдувале со животни намирници, а поради лошите патишта и снежните наневи голем број села во зимските месеци биле изолирани од градските центри и селските населби каде имало такви продавници.[24]

Голема тешкотија на учителскиот кадар во Галичка околија во ова време, претставувало немањето на соодветен училишен простор. Така на пример, во голем број случаи училиштата биле сместени во приватни куќи. Во голем број училишта, училниците биле толку мали што во нив на еден ученик не доаѓало ни по 1 $м^3$ воздух (простор), а ученичките клупи биле толку приближени што на учителот му бил оневозможен пристап до сите ученици, поради што не можел да ја надгледува нивната работа во текот на

[22a] Илија Јанкулоски, Заједничке конференције учитељских удружења у Македонији, Зборник „Учесници и сведоци", Београд, 1974, книга прва, стр. 492-493; Д-р Богољуб Прокиќ, Напредното учителство во Пореч 1937-1941, Скопје, 1976, стр. 36-37.

[23] Алексије Јевтовић, Учитељи су делили судбину народа, Зборник „Учесници и сведоци, Београд, 1974, књига прва, стр. 631.

[24] Михаило Јовановић, Школе у срезу Дебарском и Галичком, списание „Учитељски покрет", Скопље, 1934, бр. 5-6, стр. 173.

часот. Во многу училници немало дури ни простор за сместување на катедрата, па учителот бил принуден цело време на часот да стои потпрен на ѕидот (селото Сенце).[25]

Работните услови на учителскиот кадар во галичкиот крај, биле влошувани и поради недоволната, скоро мизерна снабденост на училиштата со наставни помагала. Во прилог на ваквата констатација зборува и извештајот на напредниот учител Михаило Јовановиќ, поднесен до Министерството за просвета. Имено, истиот по задолжение на ова министерство, извршил увид на работата во училиштата во Галичка околија, на крајот од учебната 1932/33 година. Во овој негов извештај, меѓу другото пишува:

„Наставните помагала во поголемиот број училишта се состојат од: табла без линии, преку која поради рапавата изработка не може да се повлече ни една тенка линија, потоа од помала или поголема карта на Југославија, а понегде се сретнува и рачуналка...

Во селото Присојница, ученичките родители сами им прават на своите деца таблички за пишување од шкрилестите стени кои ги наоѓаат во околината, а учителот оваа „мајсторија" ја дополнува со шпартање на линии по овие „таблици". Во селото Скудриње, неможејќи да купат свески за пишување, децата купиле парчиња чиста клозетска хартија, и од неа прават ,вежбанки'"[26]

Во многу бедна состојба биле и училишните згради. Така на пример, во погореспоменатиот извештај се вели, дека „меѓу училишните згради има и такви, во кои побогатите и покултурни селани не би дозволиле ниту нивната стока да живее".[27]

Ваквата тогашна тешка положба во училиштата во Галичка околија, не била само резултат на негрижата на ненародниот режим за просветувањето на народот, туку тоа резултирало и од тешката економска положба и осиромашеноста на народот од овој крај, што го зафатиле по балканските и Првата светска војна. Така на пример, во еден извештај од 1913 година се среќава податокот, дека Галичка околија била богат сточарски крај, во кој имало околу 200 000 овци, 3 000 кози, околу 3 000 говеда и околу 2 000 коњи, мазги и магариња,[28] а одделни села како на пример Галичник[29] и Гаре[30] имале и по 40 000 грла ситен добиток, а галичките трговци пред балканските војни одржувале трговски врски со Солун и пошироко.[31] Меѓутоа, по војните кои ја погодија Македонија (балканските и Првата светска војна), сточарството замрело и економската положба на народот од овој крај нагло се влошува.

---

[25] Исто, стр. 173-174.

[26] Исто, стр. 175-176.

[27] Исто, стр. 173.

[28] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, Избор, редакција и коментар на д-р Глигур Тодоровски, Скопје, 1976, стр. 94.

[29] Исто.

[30] Михаило Јовановић, Гаре, Списание „Учитељска стража", Крагујевац, 1936, бр. 1-2, стр. 36.

[31] Исто.

Така на пример, во село Гаре во 1935 година од некогашните 40 000 глави ситна стока истата опаднала на само околу 1 200 глави итн., што било повод и за мигрирање на населението од овој крај кон други краишта во Македонија и пошироко.[32]

Ваквата економско-социјалната положба на Галичкиот крај ги правела животните и работните услови на учителството крајно тешки, и како што заклучува учителот – училишен надзорник Михаило Јовановиќ во веќе цитираниот извештај до Министерството за просвета, „поради тоа не е ни чудо, што наидував и на такви луѓе меѓу учителите, кои нервно беа до таа мерка упропастени, да помислуваа и на самоубиство".[33]

### 3. Дејноста на напредното учителство во Галичка околија

Иако бројот на учителите во Галичка околија не бил голем, и тој постојано се движел околу 30 учители, сепак и меѓу ова учителство скоро за цело време во овој период се забележува присуство на извесен број напредни учители, во кои спаѓаат: Боривој Матиќ учител во село Јанче, Сарко Аврамоски учител во село Нистрово, Веско Поповиќ учител во Беличица, Алексије Јевтовиќ учител во Сенце, Лазар Лазаревиќ учител во Врбјане, Пане Понјовиќ учител во Требиште,[34] Ристо Дуковски учител во Галичник.[35] Во периодот меѓу двете светски војни, во Галичка околија службувале уште и напредните учители Душан Вукосавиќ, Драго Мучалица, Мито Митиќ, Драгољуб Глигориќ,[36] Душан Маловиќ[37] и други.

Овие учители развиле широка прогресивна и револуционерна дејност, која што најинтензивно се манифестира во периодот 1937 – 1941 година, која што се огледува на две полиња, и тоа:

– работа во училиштето;

– работа меѓу народот.

Работата на учителскиот кадар во училиштата во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, во услови на тешка општествено-економска положба и задолжен со денационализаторски задачи, не била ни најмалку лесна. Во наставниот процес, таа тешкотија посебно доаѓала до израз, бидејќи наставата била изведувана на српскохрватски јазик, а не мајчиниот јазик на учениците. Особено оваа тешкотија се чувствувала во селата со албанска и турска народност, бидејќи учениците во почетокот не

[32] Исто.

[33] Михаило Јовановић, Школе у срезу..., стр. 173.

[34] Алексије Јевтовић, Учитељи су делили судбину..., стр. 630-635.

[35] Стенографски белешки од реконструкцијата на партиската организација (понатаму СБРПО) на Гостивар, ИНИ, Скопје, дел, изјава на Миле Тортевски, стр. 10 и изјава на Мино Миноски, стр. VI/6 и VI/7.

[36] Алексије Јевтовић, Учитељи су делили судбину..., стр. 633.

[37] Д-р Марија Јовановиќ, Прогони на просветниот кадар поради ширење комунистички идеи во Вардарска Македонија од 1919- 1921, Зборник „Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија", Скопје, 1980, книга прва, стр. 222.

знаеле ниту еден збор на српскохрватски јазик. Таков бил случајот и во селата во Галичка околија, населени со албанска и турска народност. Не било многу полесно и во македонските села.

Една од формите на работа во училиштата како и сред народот, што ја користеле напредните учители, особено оној нивни дел што ѝ припаѓал на таканаречената „Трета учителска група" било отворањето на ученички кујни во училиштата. Оваа форма на работа од страна на напредните учители била користена и во галичкиот крај. Така на пример, напредните учители Алексије Јевтовиќ во село Сенце, Пане Понјовиќ во село Жировница и Лазар Лазаревиќ во село Битуше, при училиштата отвориле ученички кујни, за чие организирање и изнаоѓање финансиски извори за нивното издржување, учителот Алексије Јевтовиќ во своите сеќавања пишува:

„Ги собиравме луѓето во училиштето, и заедно со нив се обраќавме до иселениците, за кои знаевме дека се со добра имовинска состојба, и ги замолувавме било со пари или со испраќање на животни намирници за училишната кујна да им помогнат на децата од овој крај. На тој начин, успеавме да издејствуваме материјално-финансиски и други услови, за училишните кујни да работат по неколку месеци во текот на учебната година."[38]

И на полето на работата меѓу народот, напредните учители во Галичка околија меѓу двете светски војни развиле широки активности, кои се огледаат во следното:

– формирање читачки групи и библиотеки;

– здравствено просветување и укажување здравствена помош на народот;

– организирање културно-забавни активности (драмски и школски приредби, музички оркестри и друго);

– формирање спортски друштва (фудбалски клубови и друго);

– револуционерно делување меѓу народните маси, на полето на ширењето на платформата на антифашистичкиот фронт и на КПЈ. Овие форми на делување на напредното учителство во тогашна Југославија, ги применувале и напредните учители – членови на Галичкото околиско учителско здружение.

Работата на полето на народното просветување била една од најзастапените компоненти од делувањето на напредните учители меѓу народот. Оваа благородна активност меѓу народот, напредното учителство ја изведувало преку повеќе форми, како на пример: организирање аналфабетски курсеви, формирање народни библиотеки, читалишта, читачки групи, разни курсеви по домаќинство и друго. Од овие форми, напредните учители во Галичка околија ги имале застапено читачките групи и народните библиотеки. Така на пример, учителот Алексије Јевтовиќ во селото каде учителствувал (Сенце) со своето однесување и зближување со народот, успеал да создаде навика кај помладите жители на селото, за истите скоро секоја вечер

[38] Алексије Јевтовић, Учитељи су делилу судбину..., стр. 633-634.

да доаѓаат во училиштето, за да чујат новости од дневниот печат, да поразговараат со учителот, да се посоветуваат.[39] Додека пак учителот Андреја[40] во село Бањица, во 1940 година во состав на училиштето организирал читална за возрасните жители на селото, во која максимално бил искористуван малубројниот книжен фонд на училишната библиотека, како и на личната библиотека на учителот.[41]

Напредните учители по зафрлените села во Вардарска Македонија, каде што лекарската здравствена заштита не можела да допре во немал број случаи се ставале во улога на „лекари", и со рачните училишни аптеки заедно со училишниот служител ги посетувале болните и им давале прва помош. Такви случаи имало и во Галичка околија. Така на пример, учителот Пане Понојовиќ на барање на жителите од селото Жировница често пати на болните им укажувал прва помош и давал инекции.[42]

Напредните учители ја користеле секоја можност да се приближат до народот и да се здобијат со неговата доверба. Особено нивна цел била младината, преку која полесно можеле да ги шират своите напредни односно револуционерни идеи. Една од погодните форми за постигнување на ваквата цел биле културно-забавните активности, какви што од страна на напредните учители биле организирани и во Галичка околија, во последните 2-3 години пред априлската војна. Така на пример, учителот Лазар Лазарески во селото Битуше формирал културно-уметничко друштво кое во својот состав имало и тамбурашки оркестар. Ова друштво скоро редовно спремало и давало приредби за населението, не само во Битуше туку и во останатите села во Галичкиот и Мавровскиот крај.[43] Слично вакво културно-уметничко друштво било формирано од страна на веќе споменатиот напреден учител во село Бањица, во времето 1937-1938 година.[44]

Формирањето на спортски друштва во Галичкиот регион, била исто така често користена форма на делување од страна на напредните учители меѓу младината. Така на пример, учителот Ристо Дуковски во селото Галичник формирал фудбалски клуб,[45] кој организирал повеќе натпревари односно средби на младината, создавајќи со тоа можности поуспешно да ја изведува својата прогресивна и револуционерна работа на линијата на КПЈ.

Како резултат на сѐ повидната консолидација на КПЈ до која дошло по 1937 година, а што особено се манифестирало во партиската организација во Македонија, и акциите на напредните учители-комунисти и симпатизери на КПЈ во Македонија станале се поорганизирани и помасовни, а многу од нив биле координирани дури и од Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Таков бил случајот и со делувањето на напредните учители-кому-

---

[39] Исто, стр. 634.
[40] СБРПО на Гостивар, ИНИ, Скопје, I дел, изјава на Захарија Трајковски, стр. VI/5.
[41] Во изворите никаде не се споменува името на овој напреден учител.
[42] Алексије Јевтовић, Учитељи су делили судбину..., стр. 634.
[43] Исто.
[44] СРБПО на Гостивар, ИНИ, Скопје, дел I, изјава на Захарије Трајковски, стр. VI/4.
[45] СБРПО на Гостивар, ИНИ, Скопје, дел I, изјава на Мино Миноски, стр. VI/7.

нисти и во галичкиот крај. Така на пример, учителот-комунист Ристо Дуковски, кој со учителска служба бил во село Галичник, преку Гостиварското партиско поверенство бил на поединечна врска со членот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија Орце Николов,[46] од кого директно добил задача во 1940 година да работи на формирање партиско јадро и скоевска организација во селото Галичник,[47] која задача учителот Ристо Дуковски успешно ја извршил. Исто така, Ристо Дуковски бил во постојана врска и со повеќе комунисти од гостиварскиот и мавровскиот крај, како на пример со: учителот-комунист Сарџо Исовски, Миле Тортевски,[48] Мино Миновски, Тошо Поповски, Ристо Равановски, Тихомир Шаревски,[49] и други, со кои ја координирал својата револуционерна работа во галичкиот крај.

*

*        *

Од досегашното излагање, неоспорно се наметнува заклучокот, дека во периодот од 1925 до 1941 година учителството во галичкиот крај а посебно неговиот прогресивен дел, било активно вклучено во општествено-политичкиот живот и со своето делување дало виден придонес во збогатувањето на прогресивно-револуционерните текови во овој крај на Западна Македонија. Имено, прогресивното учителство и од овој крај на Македонија останало доследно и верно на својата идејно-политичка и револуционерна ориентација и без исклучок му служело на народот, на неговата борба за национално ослободување и општествен прогрес. Така, прогресивното учителство од овој крај, масовно и активно се вклучило во НОВ, а по ослободувањето и во обновата и изградбата на земјата.

[46] Славка Фиданова, КПЈ во Македонија од 1929 година до Априлската војна, Зборник „Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија", Скопје, 1980, книга прва, стр. 125.
[47] СБРПО на Гостивар, ИНИ, Скопје, дел I, изјава на Мино Миноски, стр. VI/6.
[48] СБРПО на Гостивар, ИНИ, Скопје, дел I, изјава на Миле Тортевски, стр. 10.
[49] Исто, стр. V/5.

## ПРАВИЛА
## НА „ОКОЛИСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА УЧИТЕЛИТЕ ОД ОКОЛИЈАТА ГАЛИЧКА"

Член 1

Врз основа на правилата на Здружението на југословенското учителство, учителите од околијата Галичка формираат околиско здружение, со седиште во местото Ростуше, под име: „Околиско здружение на учителите од околијата Галичка".

Член 2

а. Општата цел на Здружението е: Со здружени сили на сите учители во Околијата, да работи на унапредување на основната настава и на народното просветување, и да настојува да го зацврсти духовното единство на сите слоеви од нашиот народ, како и да ги штити моралните и материјалните интереси на учителството.

б. Посебна цел на Здружението е: Да ја шири писменоста меѓу народот (да им помага на сите културни установи и друштва за народно просветување, преку отворање курсеви за неписмените итн.), како и да работи на зближување и изгладување на разликите, создадени под туѓите режими, будење на националната свест и создавање услови за духовно единство.

Член 3

Покрај горната цел, Здружението постојано ќе се грижи, преку развивањето на сталешката свест и солидарност да ги прибере во Здружението сите учители – пријатели на училиштето од својата околина и цврсто поврзано со Југословенското учителско здружение и неговото повереноство во Белград,[1] ќе работи на остварувањето на горните цели.

Член 4

Околиското учителско здружение, соработува со Главниот одбор преку Повереноството. Само при формирањето е должно да испрати еден примерок од извештајот непосредно до Главниот одбор, а два примероци до Повереноството. Во извештајот ќе бидат внесени сите имиња на членовите на Здружението (свое).

### СРЕДСТВА

Член 5

Средствата (со кои ќе располага Здружението) ќе бидат користени за постигнување на горенаведените цели, како и за подмирување на трошоците на Околиските собранија на Здружението, кои ќе се одржуваат најмалку еднаш месечно по договор, а по барање на Управниот одбор или на Претседателот на здружението околиските собранија можат да се одржуваат и повеќе пати (вонредно).

---

[1] Се однесува на Покраинското повереноство на Југословенското учителско здружение со седиште во Белград, во кое задолжително членувале и учителските здруженија од Вардарска бановина.

Член 6

На собранијата ќе се расправа за училишните и другите просветни и народни прашања. Ќе се одржуваат предавања пред учениците од одделни предмети (С.Н. овде се мисли на нагледни предавања односно часови), и ќе се одлучува за формирање одделни установи и за работи кои ќе го помагаат народното просветување и учителскиот напредок.

ЧЛЕНОВИ

Член 7

Членови на ова Здружение можат да бидат сите учители од околијата Галичка, а исто така и секој учител од друг крај, ако сака да му припаѓа на ова Здружение, ако во неговото место не постои околиско учителско здружение.

Член 8

Здружението истапува од Југословенското учителско здружение, или од него може да биде исклучено во следните случаи:

а. Ако тоа го изјават две третини од неговите членови;

б. Ако според правилата на Југословенското учителско здружение не ги врши своите должности. Одлуки во врска со ова донесува Главниот одбор на Југословенското учителско здружение, на предлог на Повереинството.

Член 9

Член може да истапи, или да биде исклучен од Здружението во следните случаи:

а. Ако сам изјави дека повеќе не сака да биде член на Здружението, при што го губи правото да ја поврати вложената членарина. Истапувањето од Здружението (Околиско) се смета истовремено како истапување од Југословенското учителско здружение за период од една година.

б. Ако не ги врши своите должности според Правилникот на ова околиско учителско здружение. Одлука во врска со ова донесува Собранието на ова здружение, со мнозинство од две третини гласови од своите членови. Таквиот член нема право на надоместок на направените услуги и го губи правото за период од една година да биде повторно примен за член на ова Здружение. Во секој случај, се известува Повереинството заради одобрување на ваквите одлуки.

УПРАВА

Член 10

Со здружението управува Управен одбор, во кој влегуваат: Претседател, секретар, потпретседател, благајник и два или повеќе членови.

Секој член на Управниот одбор има и свој заменик. Упразнетите места во Управниот одбор се пополнуваат од редот на замениците, според редослед на изборот.

ИЗБОРИ

Член 11

Изборот на Управниот одбор, ќе биде извршен на првото собрание, на кое ќе бидат прочитани и усвоени овие Правила. Изборот ќе се врши тајно, со помош на ливчиња, а изборниот мандат ќе трае една година.

Член 12

Исто така, од редот на замениците на Управниот одбор собранието ќе избере и тројца членови за Надзорниот одбор на ова Здружение.

## ЧЛЕНАРИНА

Член 13

Секој член на ова Здружение е должен да плаќа членарина во износ од 3 динари месечно. Членовите на ова Здружение се уште должни при запишувањето за членови на Југословенското учителско здружение да уплатат по 10 динари годишно, а додека за запишување за членови на Поверенството уште по 15 динари годишно. Од другите вонредни приходи (ако не бидат наменети за некоја околиска институција) по една третина оди за Главниот одбор и за Поверенството, а една третина останува за Здружението.

Член 14

Освен чланарината и прибирањето приходи од други извори ако има, сите членови на ова Здружение се должни да ги шират своите (С.Н. се однесува на сталешки) списанија и весници: „Народна просвета", „Учитељ", како и покраинските весници и да ги претплатуваат на нив своите училишта и побогатите другари и граѓани.[2]

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 15

Надзорниот одбор на ова Здружение има за задача да ги контролира сметките и работењето на Здружението, како и да изнаоѓа можности за зголемување на општествените приходи и за што понаменско трошење на истите.

Член 16

Надзорниот одбор има три члена. Тие се состануваат еднаш во три месеци, а по потреба и повеќе. Надзорниот одбор бира од членовите меѓу себе претседател и деловодител.

## СУД НА ЧЕСТА

Член 17

Во случај на појавени спорови меѓу членовите на Здружението, истите ќе ги решава Судот на честа, во кој спорните страни бираат (С.Н. предлагаат) по едно лице, а третиот член го предлага Управниот одбор на Здружението, кој е воедно и претседател на Судот на честа.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 18

Ако Здружението престане да постои, подвижниот и недвижниот имот му се предава на Југословенското учителско здружение – Поверенство во Белград, кое истиот подвижен и недвижен имот ќе го предаде на нова организација, со иста цел и на исто место.

Член 19

За престанок на Здружението одлучува Собранието на здружението со мнозинство од две третини на гласови.

---

[2] Овде под приход се подразбира рабатот што би се добил од продавањето (пласирањето) на овие сталешки учителски весници и списанија.

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Овие ПРАВИЛА стапуваат во сила кога ќе ги одобри Главниот одбор на Југословенското учителско здружение. На Управниот одбор на ова Здружение му се става во задача, во што покус рок да го извести Поверенството и Главниот одбор на Југословенското учителско здружение за формирањето на ова Здружение и заедно со извештајот да ја испрати и членарината.[3]

Секретар на Здружението
Мирко Грдалиќ

Претседател на Здружението
Тодор Павловиќ

М.П.

Svetozar NAUMOSKI

## LEHRERVEREIN IN DEM FORTGESCHRITTENEN LEHRERSCHAFT IN DER UMGEBUNG VON GALICNIK (1925-1941)

(Zusammenfassung)

In der Periode zwischen den beiden Welkriegen war die Lehrershaft in Galicnik und besonders in dem fortgeschrittenen Teil, aktiv in dem gesellschaftlichen-politischen Leben eingeschlozen, und gab mit seiner Wirkung einen beduetenden Beitrag bei der Bereicherung der progresiven-revolutuinären Richtungen in dem Gegend von West Mazedonien.

In diesem Werk sind solche Aktivitäten der fortheschrittenen Lehreschaft in Galicnik in der gegebenen Periode dargestellt.

[3] Документов го пронајдовме во: Архив на Југославија – Белград, фонд „ЈУУ”, 1924-1926, ПО-1 фасцикла. На документов нема датум кога е донесен.